# Водилки на Меѓународната федерација на геометри (FIG Guidelines)

Дводневна работилница од областа на родовите прашања во земјишната администрација за вработените во

Агенцијата за катастар на недвижности

20-21 септември 2012 година, Институт „Евро-Балкан“, Скопје

По иницијатива на Меѓународната федерација на геометри, Шведската агенција за развој и Swedesurvey го развиле веќе постоечко истражување врз чија основа се изработени овие водилки. Водилките ги прифатила Комисијата за катастар и управување со земјиште на Федерацијата и нејзината работна група за пристап на жените до земјиштето.

# Пристап до земјиште и недижен имот

Под пристап се подразбира можноста да се користи, управува и да се контролира земјата и нејзините ресурси

Секој концепт за одржлив развој е врзан за пристапот до сопственички права и до можноста тие да се осигурат

Сопственоста е во корелација со моќта за носење одлуки

- Во традиционалните заедници, пристапот на жените до сопственичките права е ограничен, иако тие главно се де факто корисннички и најчесто оние кои го одржуваат семејството
- Кога правната рамка и традиционалните норми си противречат, обично вториве се оние кои претежнуваат

**Правен систем**

Права на сопственост

Наследување

Развод и брачни права

Контрола на употребата

Пристап до правна гаранција

Пристап до правна заштита

**Обичаи и религија**

Поделба на трудот

Семејни одговорности

Наследство

Традиционални права

Социјална структура на заедницата

**Пристап на жените до земјиште и недвижен имот**

**Статус во семејната заедница**

Моќ за донесување одлуки

Поддршка од семејната заедница

Одговорност кон поширокото семејство

Семејна структура

**Економија и образование**

Пристап до основно образование

Пристап до кредити и други средства

Пристап до дополнителни примања

# Главни цели на водилките

- Да се воспоставаат процедури за земјишна администрација што ќе ги опфатат сите сегменти од населението;
- Да се отстранат бариерите со кои се соочуваат жените кога им се потребни информации во однос на нивните права и обврски поврзани со земјиштето и домувањето;
- Да се запознаат надлежните (администрацијата и другите кои работат во таа област) со околностите кои ги ограничуваат жените во однос на прашањата поврзани со земјиштето и околу важноста да се најдат алтернативни начини да се вклучат и жените во одлучувањето;
- Да се работи со локалните традиционални заедници околу овие прашања.

## Процедури за земјишна администрација што би ги опфатила сите сегменти од населението

- Да се прифатат жените како сопственички.
- Да се осигури активно учество на жените во процесот.
- Да се запознае локалната ситуација.
- Да се овозможи експлицитно признавање на женските права.
- Да се чуваат и да се спроведуваат женските права.
- Да се додаде името на сопружникот или партнерот/партнерката во сите правни документи што се однесуваат на земјишни права, вклучително и регистрацијата за сопственост.
- Да се предложат алтернативни модели на сопственост.

- Да се вопостатават институции на земјишна администрација кои се прилагодени и на жените и на мажите.
- Да се поедностават процедурите за регистрација.
- Да се поддржат жените во организациите за земјишна администрација.
- Да се земе предвид дека жените имаат ограничен пристап до финансиски извори.
- Да се обезбеди ефективен простап
- Да се покаже свест за ова прашање и за неговата комплексност.
- Да се документира наученото и најдобрите практики.

# Примери за мерки за унапредување на женските права

1) Кога се доделува земјиште, сопственоста може да гласи на двајцата сопружници

2) Кога се развиваат катастарски системи, тие треба да бидат во можност да впишат заедничка сопственост.

3) Кога се планира користењето на земјиштето, треба да видат вклучени и жени и мажи.

4) Децентрализирањето на регистарот на земјиште можеби ќе им олесни на жените да ја регистрираат сопственоста.